Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 04-26/3
12.01. 2026 год.
Охрид

Врз основа на член 37-м од Законот за јавни претпријатија, Директорот на ЈП "Охридски Комуналец"Охрид ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Во врска со јавниот **Оглас за пополнување на работни места на даватели на јавни услуги по пат на вработување** бр.04-1581/3 од 11.12.2025 од година, објавен од страна на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид во дневните весници "Вечер", "Нова Македонија" и "Koha" на ден 16.12.2025 година како и на web страницата на јавното претпријатие,ЈП "Охридски Комуналец" Охрид ќе склучи договори за вработување на неопределено работно време со следните кандидати:

**За работното место „Возач на специјално тешко возило над 3,5т"**

- Милчо Љушкоски
- Гоце Колоски

**Член 2**

ЈП"Охридски Комуналец"Охрид ќе склучи договор за вработување со вкупно двајца извршители и тоа за работното место Возач на специјално тешко возило над 3,5т .

**Член 3**

Двајцата кандидати наведени во член 1 од оваа Одлука покрај тоа што ги исполнуваат општите и посебните услови за засновање на работен однос предвидени во јавниот Оглас, подолг период беа ангажирани во јавното претпријатие да извршуваат работи со договор за вработување на определено време.

**Член 4**

При донесување на оваа Одлука, Директорот на Јавното претпријатие го имаше во предвид и Записникот на Комисијата за селекција за вработување на даватели на јавни услуги.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување. Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на неопределено време а правната служба е должна да ја спроведе постапката за прием на работници во Службата надлежна за посредување при вработување во Охрид.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Управниот Одбор на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на **web страницата на јавното претпријатие и на огласната табла во претпријатието.**

**ЈП"Охридски Комуналец" - Охрид**
**Директор,**
**м-р Сашо Најдески**